КЛИРИНШКА КУЌА
КЛИРИНШКИ
ИНТЕРБАНКАРСКИ
СИСТЕМИ АД, СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Едноставно и сигурно извршување на клирингот на мали меѓубанкарски плаќања е од голема важност како за сите банки во Република Македонија така и за Клириншката куќа КИБС АД Скопје.

Компанијата се стреми да ги извршува своите обврски во сите фази на размена и обработка на пораките како и учество во одржувањето и развојот на меѓубанкарскиот систем на најефикасен начин, обезбедувајќи висок степен на доверливост и безбедност.

Како модерна и пазарно ориентирана компанија, целосно е посветена на актуелните економски случувања и законската регулатива, развива адекватен систем за квалитет насочен кон постојано доградување и подобрување на своето делување, со цел на сите свои сегашни и идни клиенти да им обезбеди современи сервиси.

Како основен двигател во остварување на оваа цел, КИБС цени дека се вработените, кои се соодветно образувани, со професионално искуство и обученост, упатени во своите задолженија и високо мотивирани во остарувањето на квалитетот во своето работење, користејќи напредна информатичка технологија.

Клириншката-куќа КИБС АД Скопје остварува партнерски однос со сите свои клиенти кои во голема мерка придонесуваат за остварувањето на квалитетни услуги.

**ПРВ ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР**
Горан Анастасовски

**ВТОР ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР**
Стефче Стефаноски